# ДЕТСКО СРЦЕ И ДЕТСКИ СОНИШТА

Шри Чинмој

ДЕТСКО СРЦЕ И
ДЕТСКИ СОНИШТА

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Детско срце и детски соништа“
Автор: Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“A Child’s Heart and a Child’s Dreams”
by Sri Chinmoy

# ВОВЕД

Пред многу години го прашав Шри Чинмој: „Дали има некоја посебна духовна особина што треба да ја привикаме додека ги учиме нашите деца?“ Неговиот одговор беше краток и е презентиран во оваа книга. Клучните зборови на тој одговор се „несебично давање“. Да бидам искрен, тогаш не бев сигурен што значат тие зборови. Со време тоа не само што ми стана цел кон која треба да се тежнее, туку се повеќе и повеќе ми станува начин на живеење.

Шри Чинмој вели:

„Мајката на своето дете му дава и дава едноставно затоа што го сака. Ако има среќа, кога детето ќе порасне ќе ѝ возврати. Меѓутоа често тоа не возвраќа. Си има свој сопствен живот. Сепак додека мајката дава, Бог ја благословува. Светлината, љубовта и другите божествени особини што му ги дава на своето дете се благослов сами по себе.“

Низ длабоката комуникација со Бог што ја нарекуваме медитација можеме да дојдеме до изворот на мирот, љубовта и светлината кои се длабоко во нас. Изнесувањето на

овие особини од себе значи преобразување на нашиот живот, на животот на нашите деца и откривање на вистинското исполнување. Така тие особини можеме да им ги понудиме не само на нашето семејство и пријателите, туку и на целото човештво. До внатрешна и надворешна преобразба може да се дојде само ако родителите прават свесен напор за да се хранат духовно себе и своите деца. Современото општество ги доведе нашите деца во многу незавидна состојба, многу повеќе од минатите млади генерации. Тие секојдневно наидуваат на многу предизвици - предизвици какви што можеби досега не ги демнеле младите жртви. Општо земено многу искрено се загрижени за опстанокот на нашата планета. Како никогаш порано од родителите се бара да понудат повеќе и повеќе постојана љубов и внимание кон своите деца (што навистина не е ништо друго, туку божествена љубов). Детето може да се научи и самото да ја наоѓа таа љубов во своето сопствено срце. На тој начин станува прекрасен цвет на несебично нудење. Шри Чинмој вели: „Ако своето дете можете да го инспирирате со љубов, тоа со љубов ќе инспирира некој друг. Тргнувајќи од еден доаѓаме до мноштво.“ Во оваа книга Шри Чинмој дава практичен совет на таа тема - не идеалистички сон, туку неопходна

помош за еден грижлив родител при негувањето на духовниот живот на детето; при следењето на неговиот развој преку божествената љубов и срце што несебично ги дава.

Тринаесет години Шри Чинмој го води моето семејство со љубов низ животот. Сведок сум на внатрешното цветање не само кај нашата ќерка, туку и кај децата на другите луѓе кои ја прифатија филозофијата содржана во оваа книга.

Атар

СОДРЖИНА

## ПРВ ДЕЛ
## ВОДИЧ ЗА РОДИТЕЛИ

Детско срце и детски соништа ........................ 10
Твојата улога како родител ........................ 18
Духовниот развој на твоето дете ........................ 45
Водич за медитација за родители ........................ 57
Образование и духовност ........................ 77

## ВТОР ДЕЛ
## ...И ЗА ДЕЦА

Зошто Бог е горе на небото? ........................ 91
Детски разговори со Бог ........................ 107
Приказни за деца ........................ 118

# ПРВ ДЕЛ

# ВОДИЧ ЗА РОДИТЕЛИ

*СЛАТКА ДЕТСКА НАДЕЖ*

*Слатката детска надеж*
*и моментната божествена плодност*
*секогаш ќе ги најдете заедно*
*во прекрасната градина на*
*совршенство и радост.*

# ДЕТСКО СРЦЕ И ДЕТСКИ СОНИШТА

Божествената творба е kako лотус или роза. Секое ливче е посебно на свој сопствен начин. Детето е посебно важен дел од божествената творба затоа што Бог во секое дете и со помош на секое дете сонува и се манифестира себе на еден неповторлив начин. Секое дете со себе носи некоја нова, дотогаш непозната, порака од Бог. Доколку ја прифати светот, природно добива нова светлина, нова сила и нова љубов.

Утрешнината зависи од денешното дете. Зборуваме за совршенство, но совршенството за кое зборуваме ќе дојде само од децата - од детското срце и детските соништа. Старата творба мора де се предаде на новата. Старата творба значи живот што не сака да види вистина, да ја прифати вистината или да ја исполни

вистината. Кој сака да ја види, прифати и да ја постигне вистината? Детето. Само детето има способност да почувствува дека со секој ден зазорува нова зора. Само детето е вдахновено секој ден да трча, да работи нешто, да му понуди нешто на светот.

## Значењето на детето

Детето, а не старецот, е тоа кое напредува во животот. Старите луѓе не ги интересира напредок. А тоа што го прави човекот стар не се само годините. Некој со 60 или со 70 години може да има ентузијазам, внатрешна радост и вдахновеност на дете. Исто така има луѓе од 17, 18 или 19 години кои се без тежнение, вдахновеност, динамизам. Ако момче од 19 години не е во состојба да земе нешто од светот или да му понуди нешто на тој свет, ако нема интерес за светот и ако чувствува дека ништо не му е потребно од тој свет, тоа е духовно старо 99 години. Од друга страна ако некој од 99 години сака да го научи внатрешниот јазик - јазикот на божествената љубов, јазикот на божествениот мир, јазикот на божествената мудрост, јазикот на божествената светлина - тој е дете во духот. Во

духовниот живот не нè интересираат земските години, туку внатрешната орност на поединецот да направи нешто и да стане нешто - да стане Божјо дете.

Ако навистина сакаш да станеш дете, треба да чувствуваш дека секогаш постои нешто што може да се научи и дека Бог е тука за да те учи. Во духовниот живот секој ден, секој час, секоја минута и секоја секунда учиме нешто од нашиот божествен Татко. Ако непрекинато имаш чувство дека учиш нешто во внатрешниот свет, нема да има крај на Божјата божественост што можеш да ја примиш и постигнеш.

Извадок од „Детско срце и детски соништа“
www.knigi.mk